РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 11.09.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 5598/1 | 0 | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи.

ПРАТЕНИЦИ:

Предлагачи : Група пратеници

П Р Е Д Л О Г НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Скопје, септември 2026 година

В О В Е Д

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија” број 62/2005, 3/2006, 44/2006, 66/2006, 16/2007, 57/2007, 77/2007, 106/2008, 161/2008, 63/2009, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 10/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 47/11, 11/12, 39/12,13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 106/14, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 134/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), се уредуваат работните односи меѓу работниците и работодавачите кои се воспоставуваат со склучување на договор за вработување и колективен договор.

Со постојната содржана на членот 141 од Законот за работните односи се уредува правото на користење на годишниот одмор, вклучително и можноста истиот да се користи во одредени рокови во текот на тековната и идната календарска година, кој ги опфаќа и случаите на оправдано отсуство поради болест, повреда, породилен одмор или одмор за нега и чување на дете.

Имајќи во предвид дека со членот не е уредена можноста за користење на годишен одмор како исклучок и после овој рок, за работник кој бил на подолго боледување, породилен одмор или одмор заради чување и нега на дете, како и работник кој посвоил дете, со ова предлог законско решение им се овозможува да го искористат годишниот одмор и после 30 јуни во идната календарска година, односно да го искористат во целост по престанокот на причините за отсуство, до крајот на идната календарска година.

Во праксата сè почесто се јавуваат ситуации во кои работниците се привремено спречени да го искористат годишниот одмор поради процеси поврзани со посвојување на дете или воспоставување на родителска грижа и подолготрајно боледување кои по својата суштина претставуваат значајни семејни и животни настани и бараат целосна посветеност, време и присуство на работникот.

Со постојната содржина на членот 165 од Законот за работните односи се уредува правото на отсуство од работа поради бременост, раѓање и родителство, но не се уредуваат јасно случаите кога работничката го остварува правото на отсуство, а не ги исполнува условите за остварување на право на надоместок на плата согласно со прописите од областа на здравственото осигурување, при што евидитирањето на отсуството се уредува на посебен во МПИНО-от.

Измените се предлагаат со цел да се обезбеди целосно и непречено остварување на правата од работен однос во случаи кога работникот поради оправдани причини не можел да го искористи годишниот одмор во предвидениот рок, како и да се обезбеди непрекинато и оправдано користење на отсуството

поради бременост, раѓање и родителство и во случаите кога работничката не ги исполнува условите за остварување на право на надоместок на плата согласно со прописите за здравствено осигурување.

Со предложените решенија се обезбедува правна сигурност за работниците и работничките во остварувањето на правото на годишен одмор и правото на отсуство поради бременост, раѓање и родителство, како и јасно уредување на начинот на остварување на овие права.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта на овој закон е да се уреди правото на работниците на годишен одмор и начинот на негово користење, со цел заштита на здравјето, работната способност и социјалната сигурност на работниците. Со изменувањето се овозможува користење на годишен одмор и после 30 јуни идната година во целост по престанокот на причините за отсуство, но до крајот на идната календарска година, како и да се обезбеди непречено остварување на правото на отсуство поради бременост, раѓање и родителство и во случаите кога работничката не ги исполнува условите за надоместок на плата согласно со прописите за здравствено осигурување.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Член 1

Во Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија” број 62/2005, 3/2006, 44/2006, 66/2006, 16/2007, 57/2007, 77/2007, 106/2008, 161/2008, 63/2009, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 10/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 106/14, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 134/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и124/25), во член 141 ставот (4) се менува и гласи:

„По исклучок од ставот (3) на овој член годишниот одмор кој што работникот не можел да го искористи во тековната календарска година заради отсутност поради боледување или повреда,породилен одмор или одмор за нега и чување на дете и не го искористил и до 30 јуни идната календарска година,работникот има право во целост да го искористи до 31 декември таа календарска година.”.

Член 2

Во член 165 по ставот (7) се додава нов став (8), кој гласи:

„(8) По исклучок од став (1) од овој член работничката која не ги исполнува условите за надоместок од член 15 од Законот за здравствено осигурување,го задржува правото на отсуство, при што евидентирањето на отсуството во МПИН-от ( Месечна пресметка за интегрирана наплата) се уредува согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.”.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија.“.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи содржи 3 члена.

Со членот 1 се менува ставот (4) од член 141 од законот со што ќе се овозможи на работникот кој поради боледување или повреда, породилен одмор или одмор за нега и чување на дете, како и работник кој посвоил дете, а не го искористил годишниот одмор до 30 јуни идната календарска година, да има право во целост да го искористи остатокот од годишниот одмор по престанокот на причините за отсуството до крајот на идната календарска година

Со член 2 се додава нов став (8) од членот 165 со што се обезбедува правото на оправдано и непрекинато отсуство поради бременост, раѓање и родителство и во случаите кога работничката не ги исполнува условите за надоместок на плата согласно со прописите за здравствено осигурување.

Со член 3 е уредено влегувањето во сила на законот.

II. МЕЃУСЕБНАТА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби од овој Предлог-закон се меѓусебно поврзани, како такви сочинуваат една правна целина и се применливи.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложеното законско решение ќе има позитивно влијание врз работниците кои поради оправдани причини не го искористиле годишниот одмор до 30 јуни идната календарска година, да го искористат во целост по престанокот на причините за отсуството, до крајот на идната календарска година со тоа да можат да го остварат своето право на годишен одмор како основно право од работен однос, како и врз работничките кои го остваруваат правото на отсуство поради бременост, раѓање и родителство, со обезбедување на непречено и оправдано користење на отсуството и во случаите кога не ги исполнуваат условите за надоместок на плата согласно со прописите за здравствено осигурување.

# ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

Користење на годишниот одмор
Член 141

(1) Годишниот одмор по правило се користи во текот на календарската година.
(2) Годишниот одмор може да се користи во повеќе делови во договор со работодавачот, со тоа што еден дел од годишниот одмор мора да трае најмалку две непрекинати работни недели.
(3) Работодавачот е должен на работникот да му обезбеди искористување на две непрекинати работни недели годишен одмор до крајот на тековната календарска година, а остатокот до 30 јуни идната година.
(4) Годишниот одмор којшто не бил искористен во тековната календарска година заради отсутност поради боледување или повреда, породилен одмор или одмор за нега и чување на дете, работникот има право да го искористи до 30 јуни идната календарска година.
(5) Работникот кој работи во странство може во целост да го искористи годишниот одмор до крајот на идната календарска година, ако е така определено со колективниот договор на работодавачот.

Отсуство од работа поради бременост, раѓање и родителство

Член 165

(1) Работничка за време на бременост, раѓање и родителство има право на платено отсуство од работа во траење од девет месеца непрекинато, а доколку роди повеќе деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе) 15 месеци.

(2) Врз основа на наод од надлежниот здравствен орган, работничката може да го започне отсуството за бременост, раѓање и родителство 45 дена пред раѓањето, а задолжително 28 дена пред раѓање.

(3)Доколку работничката се породи порано од рокот утврден во ставот (2) на овој член, отсуството за бременост и раѓање започнува да го користи од денот на раѓање на детето до истекот на рокот од ставот (1) на овој член.

(4)Доколку од здравствени причини детето е задржано за нега или лекување во здравствена установа и доколку во меѓувреме мајката или таткото се вратат на работа, отсуство поради раѓање и родителство се прекинува и истото имаат право да го искористат неискористениот дел од отсуството од ставот (1) на овој член.

(5) Работникот е должен на работодавачот да му го најави времето на започнувањето на користењето и времето на завршување на родителското отсуство 30 дена пред започнувањето, односно пред завршувањето на користењето на правото на родителско отсуство.

(6) Работничка која посвојува дете има право на отсуство до наполнување на деветмесечна возраст на детето, а доколку посвоила повеќе деца (две или повеќе) 15 месеци.

(7) Работничка која посвојува дете има право на платено отсуство за времетраењето на периодот на адаптацијата на детето, согласно со прописите за семејството.